Аллах ќе го воведе во рајот без оглед на делата што ги направил

Убадете, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој ќе сведочи дека само Аллах е Бог, Кому никој и ништо не му се рамни, и дека Мухамед е Негов роб и Пратеник; дека Иса е Негов роб, Пратеник и Неговиот Збор што ѝ го даде на Мерјем и му вдахна живот; и дека Џенетот е вистина и Џехенемот е вистина. Аллах ќе го воведе во рајот без оглед на делата што ги направил."

[متفق عليه] [صحيح]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, нè извести: кој ќе ја искаже фразата на тевхидот, знаејќи го неговото значење, имплементирајќи го во дело, и ќе сведочи дека Мухамед, алејхи селам, е Божји роб и Пратеник, и ќе каже дека Иса е Божји роб и Пратеник, дека тој е создаден со Аллаховите зборови „Биди“ и тој стана, и дека тој е една од душите кои ги создал Аллах, и ќе се огради од тоа што евреите го кажуваат за неговата мајка Мерјем, кој верува дека Џенетот е вистина и Џехенемот е вистина, со силно убедување дека тие постојат, и дека тие се наградата и казната од Аллах, ако умре со вакви ставови; неговото место ќе биде во Џенетот, па дури иако направил пропусти во богоугодните дела или направил грев.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3417